# О Д Л У К А
## за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2025 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка АД Скопје на Седницата одржана на ден 28.05.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2025 година**

1. Шпаркасе Банка АД Скопје, во деловната 2025 година, има остварено нето добивка во износ од **1.798.662.978,00 МКД**.

2. Остварената нето добивка во износ од **1.798.662.978,00 МКД** се распределува на следниов начин:

   - 1.498.662.978,00 МКД во Задржана нераспределена добивка
   - 300.000.000,00 МКД во Задржана добивка за инвестициски вложувања.

3. Делот од нето добивката што останува како Задржана нераспределена добивка нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционери во иднина и нема да биде оптоварен со какви било идни обврски.

4. Делот од добивката кој се распоредува во Задржана добивка за инвестициски вложувања - реинвестирана добивка, ќе се користи за развојни цели, односно вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и нема да биде расположив за исплата на дивиденда на акционери во иднина и нема да биде оптоварен со какви било идни обврски.

5. Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач
Маја Камчева-Ставрова

ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје

**Образложение**

**кон Одлуката за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка АД Скопје, по Годишна сметка за 2025 година:**

Согласно ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2025 година, Шпаркасе Банка АД Скопје оствари нето добивка од **1.798.662.978,00** денари. Согласно член 483 од Законот за трговски друштва, Надзорниот Одбор на Банката му предлага на Собранието на акционери распределба на нето добивката за 2025 година на следниот начин: 1.498.662.978,00 денари во Задржана нераспределена добивка и 300.000.000,00 денари во Задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка.

Добивката која се распоредува во Задржана добивка за инвестициски вложувања е во согласност со годишниот план за инвестиции и ќе се користи за развојни цели, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и истата не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина и не е оптоварена со какви било идни обврски. Со издвојувањето на дел од добивката во задржана добивка за инвестициско вложување, Банката може да користи даночно ослободување пропишано со Законот за данок на добивка со изготвувањето на Даночниот биланс за 2026 година, односно да се користи правото на намалување на даночната основа за износот на извршените инвестициони вложувања.

Со оглед што износот распределен за известициски вложувања во износ од 300.000.000,00 денари и износот распределен за нераспределена задржана добивка во износ од 1.498.662.978,00 денари не се оптоварени со какви било идни обврски и истите не се расположиви за исплата на дивиденда на акционерите на банката, истите ќе бидат вклучени и во пресметките на Основниот капитал на банката согласно Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот.

Со оваа Одлука се потврдува начинот на распределба на остварената добивка во 2025 година утврден во Предлог Одлуката од Надзорниот одбор на 22.01.2026 донесена согласно точка 13.5 и точка 15 од Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/12, 50/13, 71/14, 223/15, 218/16 и 221/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 181/19, 116/20, 167/20, 27/24 и 27/25).